# АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

**3044.**

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ“ бр. 129/2023) Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, на седницата одржана на ден 7.8.2023 година, донесе

## С Т А Т У Т НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Академијата за судии и јавни обвинители (во понатамошниот текст: Академијата) е јавна установа што спроведува прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и на јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и во јавното обвинителство, специјализирана обука за судиите поротници, обука на субјектите што учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството како и врши аналитичко-истражувачка дејност од областа на правосудната теорија и практика.

(2) Како субјекти што учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството се сметаат административни службеници од Министерството за правда и од други институции, кои работат на подготовка и на извршување на законите од областа на правосудството.

(3) Академијата ја врши својата дејност преку воспоставување и одржување соработка со сродни домашни и странски институции и проекти, соработува со европските мрежи за правосудна обука, како и врши библиотечна и издавачка дејност за потребите на правосудството.

(4) Академијата има својство на правно лице.

Член 2

Со овој Статут се уредуваат:

- називот, внатрешната организација и начинот на вршењето на дејноста на Академијата;
- управувањето и раководењето со Академијата;
- правата и обврските на субјектите од член 1 на овој Статут;
- составот, начинот на формирањето, како и начинот на одлучување и делокругот на работа на органите и на телата на Академијата;
- правата, обврските и одговорностите на Академијата во правниот промет;
- приемот на слушатели во почетна обука;
- постапката за донесување на програмите за сите видови обука,
- начинот на избор на предавачи и ментори,
- критериумите за избор на предавачи и ментори;
- начинот на финансирање и употреба на средствата за работа на Академијата; и
- други прашања од значење за работата на Академијата во согласност со закон.

#### Назив и седиште

Член 3

(1) Називот на јавната установа е Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“.

(2) Седиштето на Академијата е во Скопје.

#### Печат и штембили

Член 4

(1) Академијата има печат што е со тркалезна форма и два штембили, приемен и излезен штембил, кои се со правоаголна форма.

(2) Печатот го содржи името Република Северна Македонија, грбот на Република Северна Македонија, називот и седиштето на Академијата и е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

(3) Приемниот штембил го содржи името Република Северна Македонија, називот и седиштето на Академијата, место за запишување на датумот на прием на писменото, организациската единица, деловоден број, број прилози кон писменото и вредност и е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

(4) Излезниот штембил го содржи името Република Северна Македонија, грбот на Република Северна Македонија, називот и седиштето на Академијата, место за запишување на датумот на излез на писменото и деловоден број и е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

#### Внатрешна организација

Член 5

(1) Во Академијата се формираат одделенија како основни организациски единици и сектори во кои се обединуваат повеќе меѓусебно поврзани функции од нивна надлежност поради организирање, следење и координирање на работите и унапредување на нивната меѓусебна соработка.

(2) Бројот на организациски единици, делокругот на работа и одговорност, начините и формите на раководење, начелата на работењето и меѓусебните односи на организациските единици поблиску се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација на Академијата и со Правилникот за систематизација на работните места.

(3) Управниот одбор ќе биде известуван и запознаен со актите во согласност со Законот.

#### Начела при вршењето на дејноста

Член 6

(1) Дејноста на Академијата регулирана во член 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители (во понатамошниот текст: Законот) се врши во согласност со начелата на независно, стручно, ефикасно и транспарентно работење.

(2) Во Академијата е забрането политичко и партиско организирање и дејствување.

#### Соодветна и правична застапеност во Академијата

Член 7

(1) При конституирањето на органите и на телата на Академијата, назначувањето на предавачите и менторите, изготвувачите на прашањата за испитите, како и при конституирање на комисиите, предвидени во Законот, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија, без да се нарушат критериумите утврдени со Законот.

(2) При селекција на кандидатите за прием на почетната обука во Академијата, без да се нарушат критериумите предвидени во Законот, се обезбедува соод-

ветна и правична застапеност на граѓаните што им припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија, на начин и во постапка утврдена со членот 7 од Законот.

II. УПРАВУВАЊЕ СО АКАДЕМИЈАТА

**Органи на Академијата**

Член 8

Органи на Академијата се: Управниот одбор, директорот и Програмскиот совет.

Член 9

(1) Одлуките на седниците на Управниот одбор, Програмскиот совет, Комисијата за приемен испит, Комисијата за завршен испит и Комисијата за ревизија се донесуваат по пат на јавно гласање.

(2) Членовите на телата од став (1) на овој член можат за гласаат ЗА или ПРОТИВ определен предлог.

**Управен одбор**

Член 10

(1) Управниот одбор е орган на управување на Академијата и го сочинуваат девет члена, со мандат од четири години без право на последователен избор.

(2) Првата конститутивна седница на Управниот одбор ја свикува и ја води најстариот член на Управниот одбор, сè до избор на претседател на Управниот одбор.

(3) На седницата од ставот 2 на овој член се утврдуваат членовите и нивните заменици, се избира претседател и негов заменик од редот на судиите и јавните обвинители, членови на Управниот одбор.

(4) На првата седница на Управниот одбор по неговото конституирање, Управниот одбор носи свој Деловник за работа.

(5) Доколку за времетраењето на мандатот кај член на Управниот одбор се појави состојба на постоење судир на интерес, тој има обврска да се иземе од конкретниот процес каде што постои судир на интерес, во согласност со закон.

Член 11

Управниот одбор, покрај надлежностите утврдени во Законот:

- донесува одлука за вкупниот број лица за кои ќе се објави јавен оглас за прием во почетна обука имајќи ги предвид ресурсните капацитети на Академијата во согласност со член 30 од Законот;
- одлучува во втор степен против одлуките на директорот и комисиите за приемен и завршен испит во случаите утврдени со Законот, Статутот и општите акти;
- избира двајца членови и нивни заменици во Програмскиот совет, според поднесени пријави на јавен повик;
- ги разгледува и ги усвојува извештаите на сите комисии утврдени со Законот и со Статутот;
- врши други работи утврдени со Законот и со Статутот.

**Начин на работа и одлучување на Управниот одбор**

Член 12

(1) Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Управниот одбор, а во случај на негова спреченост или отсуство, заменикот на претседателот, а во случај и на негова спреченост или отсуство, најстариот од присутните членови на Управниот одбор.

(2) Работите од својата надлежност, Управниот одбор ги врши на јавна седница.

(3) Управниот одбор работи со присуство на мнозинството од вкупниот број негови членови, а донесува одлуки со мнозинството гласови од вкупниот број членови, освен во случаите определени со Законот.

(4) Начинот на работа и на одлучување на Управниот одбор, поблиску се уредува со Деловникот за работа на Управниот одбор на Академијата.

**Директор и заменик на директорот**

Член 13

(1) Директорот е раководен и извршен орган.

(2) Директорот има заменик.

(3) Управниот одбор ги именува директорот и заменикот на директорот врз основа на јавен оглас што се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Академијата и во најмалку два дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и еден од весниците што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, и тој содржи:

- објава за именување директор, односно заменик на директорот на Академијата;
- условите за именување во согласност со член 15 став 8, 9 и 10 од Законот;
- рокот за пријавување;
- потребни документи кон пријавата;
- начин на објавување на јавниот оглас;
- назнака за кое место се конкурира и
- начинот, работното време и адресата на која се доставуваат документите.

Член 14

Заменикот на директорот го заменува директорот во случаите предвидени во член 15, став 3 од Законот и врши работи од надлежноста на директорот на Академијата што ќе му ги довери тој, а припаѓаат во неговиот делокруг на работни задачи.

**Постапка за именување и разрешување на директорот и на заменикот на директорот на Академијата**

Член 15

Постапката за именување директор, односно заменик на директорот на Академијата, ја спроведува Комисија составена од три члена, кои ги назначува Управниот одбор од својот состав.

Член 16

(1) Комисијата од член 15 на овој Статут, во рок од осум дена по истекот на рокот за пријавување на јавниот оглас, подготвува извештај за поднесени пријави по јавниот оглас и за кандидатите што ги исполнуваат условите за директор, односно заменик-директор во согласност со Законот и го поднесува до Управниот одбор.

(2) Управниот одбор на Академијата, во рок од 8 дена од приемот на извештајот од Комисијата од член 15 од овој Статут, со мнозинство гласови донесува одлука за именување директор, односно заменик на директорот на Академијата.

(3) Ако на објавениот оглас не се јави ниту еден кандидат или никој од пријавените кандидати не ги исполнува условите предвидени во член 15 од Законот, Управниот одбор донесува одлука за распишување нов јавен оглас во рок од 15 дена од истекот на рокот за пријавување по првиот оглас.

Член 17

(1) Одлуката на Управниот одбор на Академијата за именување директор, односно заменик на директорот, стапува на сила во моментот на донесување и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Академијата.

(2) За одлуката на Управниот одбор за именување директор, односно заменик на директорот, се известуваат сите кандидати што се пријавиле на огласот.

Член 18

(1) Директорот на Академијата, покрај утврдените со Законот, ги има и следниве права и должности:

- ги презема правните дејства во согласност со Закон и со Статут;
- презема активности во насока на спречување на постоење судир на интереси во органите и во телата на Академија;
- донесува политика за квалитет и ги утврдува процедурите за квалитет;
- учествува во изготвувањето на општите акти на Академијата и се грижи за нивно спроведување;
- остварува договарање, планирање и реализација на домашни и странски проекти и за тоа периодично го известува Управниот одбор на Академијата;
- го подготвува, создава услови и го спроведува стратегискиот план на Академијата;
- ги организира и ги координира активностите на органите на Академијата, на другите тела и комисии, на предавачите и на менторите на Академијата;
- ги изработува и ги спроведува деталните планови за обука и ги определува предавачите за секоја обука;
- доделува уверенија за завршена почетна обука на образецот пропишан од Управниот одбор;
- учествува во подготовката на предлог-буџетот и го спроведува неговото извршување;
- воспоставува организациска структура и процедури за работа со кои се обезбедува стабилно финансиско управување и контрола;
- управува со буџетските и со другите средства на законски, економичен и ефективен начин, во согласност со финансискиот и со годишниот план за јавни набавки кои ги донесува Управниот одбор;
- се грижи за постојано унапредување на наставните техники и методи што ги користат предавачите, способностите за користење современа стручна литература, а особено во делот на јакнење на нивните капацитети за унапредување на методологијата за подготовка на прашањата и студиите на случај за испитите, како и техниките за менторирање и за следење на прогресот на слушателите на почетна обука од страна на менторите, преку соодветни обуки на овие категории;
- го известува Управниот одбор за тековното работење на Академијата;
- двапати годишно го известува УО за начинот и за реализацијата на обуките и ангажираните предавачи и квалитетот на наставата;
- најдоцна до 1 септември тековната година доставува План за вработување за наредната година до Судскиот буџетски совет на Република Северна Македонија;
- донесува одлуки, решенија и други акти од областа на работните односи, безбедност и здравје при работа, пристапот до информации од јавен карактер, постапувањето со класифицирани информации и од други области во насока на обезбедување услови за законито и редовно функционирање на Академијата; и
- врши и други работи утврдени со овој Статут и со општите акти на Академијата.

Директорот е единствено овластен за односи со јавност. Во случај на негово отсуство може да го овласти заменик-директорот или друго лице од редот на членовите на органите на Академијата.

**Престанок на мандатот на директорот и на заменикот на директорот**

Член 19

По исполнетоста на условите од член 18 став 1 од Законот, Управниот одбор донесува одлука со која го констатира настапувањето на еден од условите за престанок на мандатот на директорот, односно на заменикот на директорот.

**Постапка за разрешување на директорот и на заменикот на директорот**

Член 20

(1) Управниот одбор откако ќе констатира дека се настапени условите за разрешување на директорот, односно заменикот на директорот од член 18 став 2 алинеја 1 или 2 од Законот, донесува одлука за разрешување на директорот или на заменикот на директорот.

(2) Директорот се разрешува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор, за што носи одлука.

**Постапка за утврдување одговорност на директорот и на заменикот на директорот**

Член 21

(1) По исполнетоста на условот од член 18 став 2 алинеја 3 од Законот, односно ако директорот или заменикот постапи спротивно на одредбите од прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, Управниот одбор донесува одлука за поведување постапка за утврдување одговорност на директорот, односно заменикот на директорот.

(2) Постапката за утврдување одговорност на директорот, односно заменикот на директорот, ја спроведува комисија формирана со одлука на Управниот одбор, која е составена од тројца членови што се од редот на членовите на Управниот одбор.

(3) Одлуката за поведување постапка за утврдување одговорност на директорот, односно заменикот на директорот, се доставува до директорот, односно до заменикот на директорот, кој има право во рок од осум дена да се произнесе пред Комисијата од став (2) од овој член за наводите во неа.

(4) Управниот одбор ја задолжува Комисијата од став (2) на овој член, да ги испита фактите и околностите наведени во одлуката за поведување постапка за утврдување одговорност на директорот, односно заменикот на директорот.

(5) Управниот одбор со одлуката од став (1) на овој член на предлог на Комисијата може да одлучи и за привремено отстранување од работа на директорот, односно заменикот на директорот, до донесување конечна одлука по предлогот за утврдување одговорност, ако најде дека неговото понатамошно присуство и работење во Академијата може негативно да влијае врз собирањето на доказите и водењето на постапката и воопшто врз работењето на Академијата.

(6) Комисијата во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката од став 1 од овој Статут, до Управниот одбор поднесува извештај со предлог за разрешување на директорот односно заменикот на директорот или за запирање на постапката за утврдување одговорност на директорот односно заменикот на директорот.

(7) Управниот одбор констатира настапување на условите за престанок на мандатот на директорот односно на заменикот на директорот, за што донесува одлука за разрешување на директорот односно на заменикот на директорот или за запирање на постапката за утврдување одговорност на директорот односно на заменикот на директорот во рок од осум дена по приемот на извештајот на Комисијата.

(8) Ако директорот или заменик-директорот поднесат оставка по почнување на постапката за утврдување одговорност, во одлуката ќе се назначи фактот дека оставката е дадена по започнување постапка за утврдување одговорност.

Член 22

(1) Против одлуката на Управниот одбор за разрешување на директорот, односно заменикот на директорот, директорот, односно заменикот на директорот, има право на управен спор пред надлежен суд.

(2) До именувањето нов директор, но не подолго од три месеци, должноста ја врши заменикот на директорот, за кој период тој се определува за овластен потписник на Академијата.

(3) Ако Академијата нема заменик на директорот, неговиот мандат е истечен, или е истечен периодот од став 2 на овој член, Управниот одбор ќе определи вршител на должноста директор од редот на судиите и на јавните обвинители што се членови на Управниот одбор, со времетраење не подолго од три месеци.

(4) Функцијата член на Управниот одбор, наместо членот што е определен за вршител на должноста директор, ја врши заменикот член сѐ до именувањето нов директор на Академијата, но не подолго од три месеци.

**Програмски совет**

Член 23

(1) Програмскиот совет е стручен орган на Академијата.

(2) На седниците на Програмскиот совет, како стручен орган на Академијата, можат да се поканат и да присуствуваат предавачи, ментори, професори по правни или други науки или истакнати правници со искуство во одредена правна или во друга соодветна област, поврзано со консултација, планирање, подготовка и реализација на сите програми за обука, домашни и странски проекти, како и за подготовка и реализација на испитите, унапредување на методологијата на подготовката и спроведувањето на испитите и нивната верификација.

(3) Начинот и постапката за верификација на базите на прашања и базите на студиите на случај, изготвени од предавачите за спроведување на приемниот и на завршниот испит во Академијата, се уредуваат со општите акти со кои се уредуваат наведените испити.

(4) Членовите на Програмскиот совет имаат право на надоместок за извршената работа, нејзиниот обем, како и право на надоместок на патни трошоци, во согласност со Законот и подзаконските акти.

(5) Извршената работа и обемот на извршена работа од став (4) на овој член опфаќа присуство на седници, присуство на работни состаноци, подготвување база на прашања, верификација на базата на прашања, предлагање нови или важни теми што треба да се опфатат со обуките, како и подготовка на сите програми што ги донесува Академијата.

(6) Поблиските услови за работењето и одлучувањето на Програмскиот совет, се уредуваат со Деловникот за работа на Програмскиот совет.

III. ПРЕДАВАЧИ, МЕНТОРИ И КОМИСИЈА ЗА РЕВИЗИЈА

**Предавачи на Академијата**

Член 24

(1) Предавачите на Академијата се определуваат од редот на домашни и странски судии и јавни обвинители, адвокати и универзитетски професори, нотари, извршители, медијатори и раководни и други искусни административни, судски и јавнообвинителски службеници и стручни лица што имаат докажано искуство во области опфатени со програмите за обука на Академијата, кои ги исполнуваат условите од член 24 од Законот.

(2) Предавачите на Академијата, пред да почнат за прв пат со дејноста предавач на Академијата, задолжително треба да посетат обука за предавачи, организирана од Академијата, со исклучок на предавачите што доаѓаат од високообразовни установи.

**Постапка за утврдување предавачи**

Член 25

(1) Академијата го пропишува образецот на пријавата за предавач и ја објавува на веб-страницата на Академијата.

(2) Заинтересираните лица што ги исполнуваат условите од член 24 од Законот ја пополнуваат пријавата од ставот (1) на овој член заедно со потребните документи и ја доставуваат до Академијата во хартиена форма или електронски.

(3) Според добиените пријави за предавачи, најмалку еднаш годишно се составува предлог-листа на нови предавачи, која Програмскиот совет заедно со пријавите на седница ја разгледува и за неа дава мислење.

(4) Врз основа на добиеното мислење од ставот (3) на овој член, Управниот одбор ја утврдува листата на предавачи на Академијата.

(5) Сите подносители на пријави се информираат за утврдената листа на предавачи од страна на Управниот одбор.

**Постапка за селекција на предавачи**

Член 26

(1) Постапката за селекција на предавачите на Академијата се спроведува врз начелата на стручност, способност, јавност, правична застапеност, отвореност и еднакви можности.

(2) Двапати годишно Академијата врши евалуација на ангажираните предавачи заради следење на квалитетот на обуките.

(3) Предавачите можат да бидат ангажирани за конкретна обука или за циклус на обуки.

(4) Листата на предавачи може да се дополнува по потреба.

(5) Академијата ја ажурира листата на предавачи најмалку еднаш годишно при што води евиденција и за:

- квалитетот на спроведената обука,
- активното вклучување во процесот на обуката и
- навремената подготовка и тековното ажурирање на програмата и на материјалите за обуки.

(6) Со податоците за ангажманот и со резултатите од евалуацијата на предавачите на Академијата, од редот на судиите и обвинителите, Академијата го запознава Управниот одбор и нив ги доставува до Судскиот совет и до Советот на јавните обвинители.

(7) Академијата може да достави и писмен извештај до институциите од став 6 со мислење за квалитетот на предавачите и на спроведената обука.

(8) Академијата ги ангажира предавачите, по потреба, преку соодветните институции во кои работат или на директен начин.

(9) Академијата води база на податоци за предавачите, по потреба, што ги ангажира за одделни теми и области или за циклуси на обуки.

Член 27

(1) Статусот на предавач на Академијата престанува:

- ако континуирано одбива да спроведе обука без оправдана причина,
- по барање на предавачот,
- поради разрешување од функцијата или од работниот однос, освен по основа на остварување право на пензија,
- доколку е спречен да спроведува обуки што би довело до нарушување на непречено континуирано одвивање на почетната и/или на континуираната обука,
- доколку според резултатите од спроведената евалуација, несовесно, нестручно, нередовно и неквалитетно ја врши должноста на предавач,
- ако ги прекрши правилата утврдени во Етичкиот кодекс на Академијата.

(2) Доколку Програмскиот совет утврди дека одреден предавач не ги дава очекуваните резултати, поднесува образложен предлог до Управниот одбор за бришење на конкретниот предавач од листата на предавачи.

(3) Управниот одбор, по предлог на Програмскиот совет на Академијата, со одлука го утврдува престанокот на својството на предавач на Академијата.

(4) Начинот на изготвување, бројот и составот на листата на предавачите, се уредуваат со општите акти за почетна и континуирана обука.

**Основни права и обврски на предавачите**

Член 28

(1) Предавачите се должни да ги одржуваат предавањата во сите програми за обуки на Академијата со високопрофесионална стручност во односната материја, со цел:
- да ги оспособат слушателите на почетната обука за професионално, стручно и етично вршење на судиската и на обвинителската функција девојќи придонес за квалитетно и продлабочено совладување на наставната материја од односната област, континуирано да го следат нивниот прогрес и објективно да ги оценуваат во текот на обуката, со цел да ги подготват за успешно посетување на втората – практичната фаза од почетната обука и за полагање на завршниот испит;
- да го одржуваат, да го унапредат и да го збогатат знаењето и вештините на учесниците на континуираната обука за вршење на судиската и на обвинителската функција, како и одржување и унапредување на знаењата на стручните служби на судовите и на јавните обвинителства и на другите целни групи предвидени во член 2 од Законот, во согласност со општите акти за континуирана обука;
- да подготвуваат квалитетни наставни материјали и детални извештаи од спроведените обуки;
- стручно и професионално да ги подготвуваат прашањата и студиите на случај за сите испити, користејќи најсовремена домашна и странска стручна литература.

(2) Предавачите на Академијата, заедно со Програмскиот совет, учествуваат во подготовката и во спроведувањето, адаптирањето и унапредувањето на програмите за обука и на наставните методи и техники и збогатување со нови наставни теми и области, како и во унапредување на методологијата на подготовка и верификација на испитите, во согласност со најновите законодавни измени и практиката на домашните и на меѓународните судови.

(3) За остварување на наведените обврски, предавачите се должни при наставата да употребуваат наставни техники и методи што се приспособени на најсовремените методи за учење возрасни, да користат практичен пристап во излагањата преку анализа на практични предмети, работа во групи, симулација на случаи, интерактивни наставни методи и наставни материјали приспособени со најновите измени на домашното и на меѓународното право и правото на ЕУ и практиката на домашните и на меѓународните судови, како и да воведуваат електронско учење.

(4) Начинот на изготвување, бројот, мандатот, составот на листата на предавачите, надоместоците, правата и обврските на предавачите во поглед на подготовката и реализација на обуките и на испитите, како и критериумите за евалуацијата на спроведените обуки, поблиску се уредуваат со општите акти за почетна и континуирана обука и со Правилникот за надоместоци.

**Ментори**

**Постапка за утврдување и селекција на ментори**

Член 29

(1) Менторите во почетна обука се определуваат од редот на судии и јавни обвинители, кои ги исполнуваат условите од член 27 од Законот.

(2) Менторите ги подготвуваат слушателите за самостојно, одговорно, независно и непристрасно извршување на работните должности.

(3) Листата на ментори, по предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и Програмскиот совет на Академијата, ја утврдува Управниот одбор на Академијата.

(4) Менторите на Академијата, пред да почнат со дејноста менторирање на Академијата задолжително, еднаш годишно, треба да посетат обука за менторство, организирана од Академијата.

(5) Селекцијата на менторите поблиску се уредува со Правилникот за практична настава.

**Основни права и обврски на менторите**

Член 30

(1) Менторите се должни во текот на практичниот дел од почетната обука и за време на програмата за практицирање на судиската и на јавнообвинителската функција, да ги оспособат слушателите за стручно, ефикасно, одговорно, непристрасно, независно и самостојно вршење на судиската и на обвинителската функција.

(2) Правата и обврските на менторите поблиску се уредуваат со Правилникот за практична настава.

Член 31

(1) Својството на ментор престанува:
- по барање на менторот;
- поради престанок на функцијата судија и јавен обвинител;
- поради спреченост да го врши менторството во временски период, што го нарушува перманентното и планираното одвивање на почетната обука;
- доколку според резултатите од спроведената евалуација, несовесно, нестручно и нередовно ја врши дејноста на ментор;
- доколку во периодот на вршењето на менторството е оценет со најниска оценка;
- доколку ги прекрши правилата содржани во Етичкиот кодекс на Академијата.

(2) Во случај на привремено отстранување од работа, менторот не може да ги извршува менторските должности до донесување на конечната одлука на Судскиот совет, односно на Советот на јавните обвинители.

(3) Ако менторот на определен кандидат премине во друг оддел, суд или јавно обвинителство, што не се поврзани со областа на менторство за која бил ангажиран, на кандидатот му се назначува нов ментор.

Член 32

(1) За извршената работа, менторите добиваат надоместок во висина определена со Правилникот за надоместоците во Академијата.

(2) Поблиските услови за правата, обврските на менторите во поглед на подготовката и реализацијата на програмата за практична обука се уредуваат со Правилникот за практична настава.

**Комисија за ревизија на одржаните испити**

Член 33

(1) Работите од својата надлежност Комисијата за ревизија на одржаните испити ги врши во полн состав.

(2) Мандатот на членовите на Комисијата за ревизија трае четири години без право на последователен избор.

(3) Комисијата за ревизија ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(4) Начинот на работа и одлучување на Комисијата за ревизија се уредуваат со Деловник за работа, во согласност со Законот и Статутот.

(5) Комисијата за ревизија на одржаните испити најдоцна два месеци по завршување на последното дејство од секоја фаза од конкретниот испит доставува извештај до Управниот одбор за начинот и за текот на одвивањето на испитот, кој може да содржи и препораки по однос на идното одвивање на испитниот процес, во согласност со закон.

(6) Управниот одбор на седница го разгледува извештајот од став (5) на овој член и го усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(7) На седницата од став (6) задолжително присуствува претседателот на Комисијата за ревизија.

(8) Комисијата за ревизија може да присуствува и при самите фази на одвивање на испитот.

(9) Доколку за времетраењето на мандатот кај член на Комисијата за ревизија, се појави состојба на постоење судир на интерес, тој има обврска да се изземе од конкретниот процес каде што постои судир на интерес, во согласност со закон.

Член 34

Својството член на Комисијата за ревизија престанува:

- по негово барање;
- поради престанок на работниот однос во институцијата од каде што е назначен;
- поради спреченост да ја врши работата како член на Комисијата за ревизија одреден временски период, што би ја нарушило работата на Комисијата;
- доколку ги прекрши правилата содржани во Етичкиот кодекс на Академијата.

**Приемна комисија и Завршна комисија**

**Конституирање Приемна комисија**

Член 35

(1) Управниот одбор ја именува и ја закажува конститутивната седница на Приемната комисија најдоцна два месеца пред денот на објавувањето на огласот за прием на лица во почетна обука.

(2) Управниот одбор ја именува и ја закажува конститутивната седница на Завршната комисија најдоцна два месеца пред денот на полагањето на завршниот испит.

**Начин на работа и одлучување на Приемната комисија**

Член 36

(1) Комисијата ги одржува сите фази од Приемниот испит во полн состав.

(2) Комисијата ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Седниците на Комисијата можат да се одржат и со примена на средствата за електронска комуникација кои обезбедуваат двонасочна комуникација при одржување на седниците без физичко присуство на членовите на Комисијата и тоа преку видеоконференциска платформа.

(4) Начинот на работа, оценување и одлучување на Комисијата се уредува со Деловник за работа, како и преку посебен образец-Протокол за оценување, во согласност со Законот, Статутот и Правилникот за полагање приемен испит во Академијата.

(5) Поблискиот начин за оценувањето во согласност со посебен образец-Протокол за оценување се уредува со Правилникот за приемен испит.

(6) Комисијата има секретар и негови помошници што директорот на Академијата ги назначува со одлука од редот на административни службеници во Академијата.

(7) По завршувањето на приемниот испит, претседателот на Комисијата поднесува извештај до Управниот одбор на Академијата за текот и постапката на полагањето на приемниот испит.

(8) Управниот одбор на седница го разгледува извештајот од став 7 на овој член и го усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(9) Претседателот на Комисијата задолжително присуствува на седницата на Управниот одбор на која се разгледува извештајот од став 7 на овој член.

(10) Доколку за времетраењето на мандатот кај член на Приемната комисија се појави состојба на постоење судир на интерес, тој има обврска да се изземе од конкретниот процес каде што постои судир на интерес, во согласност со закон.

**Начин на работа и одлучување на Завршната комисија**

Член 37

(1) Работите од својата надлежност Завршната комисија ги врши во полн состав.

(2) Комисијата ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Седниците на Комисијата можат да се одржат и со примена на средствата за електронска комуникација кои обезбедуваат двонасочна комуникација при одржување на седниците без физичко присуство на членовите на Комисијата и тоа преку видеоконференциска платформа.

(4) Начинот на работа, оценување и одлучување на Комисијата се уредуваат со Деловник за работа, посебен образец-Протокол за оценување, во согласност со Законот, Статутот и Правилникот за полагање завршен испит во Академијата.

(5) Поблискиот начин за оценувањето во согласност со посебен образец-Протокол за оценување се уредува со Правилникот за полагање завршен испит во Академијата.

(6) Завршната комисија има секретар и негови помошници што директорот на Академијата ги назначува од редот на административните службеници.

(7) По завршувањето на завршниот испит, претседателот на Завршната комисија поднесува до Управниот одбор на Академијата извештај за текот и за постапката на полагањето на завршниот испит.

(8) Управниот одбор го разгледува на седница извештајот од став 7 на овој член и го усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(9) Претседателот на Комисијата задолжително присуствува на седницата на Управниот одбор на која се разгледува извештајот од став 7 на овој член.

(10) Доколку за времетраењето на мандатот кај член на Завршната комисија се појави состојба на постоење судир на интерес, тој има обврска да се изземе од конкретниот процес каде што постои судир на интерес, во согласност со закон.

## IV. ПРИЕМ НА КАНДИДАТИ И ОБУКА НА СЛУШАТЕЛИ ВО ПОЧЕТНА ОБУКА

### Начин на пријавување на јавниот оглас за прием во почетна обука

Член 38

(1) Образецот на пријава за прием во почетна обука го пропишува Академијата на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Републиката и неговото писмо и истиот го прави достапен преку објавување на интернет-страницата на Академијата.

(2) Пријавата со потребните документи, пријавителот ги поднесува лично или по препорачана пошта до лицето овластено за прием во Академијата, кое е должно да ја прими секоја пријава со приложените документи.

(3) Во прилог на пријавата, пријавителот доставува потпишана изјава заверена на нотар за припадност кон националност, со која се обврзува дека нема да ја менува сè додека трае постапката за прием на кандидати во почетна обука.

(4) По поднесувањето на пријавата со потребните документи, пријавителот веднаш добива приемна шифра во согласност со член 35 став 3 од Законот.

(5) Во случаите на поднесување пријава по препорачана пошта, Академијата го контактира пријавителот за потребата од лично подигнување на приемната шифра.

### Правична застапеност на кандидатите за прием во почетната обука

Член 39

(1) При селекцијата на кандидатите за прием во почетната обука во Академијата, без да се нарушат критериумите предвидени со закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните што им припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија.

(2) Соодветната и правична застапеност се обезбедува со претходно утврдување посебна квота за припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, сметано од вкупниот број слободни места за судии и јавни обвинители утврден во јавниот оглас за прием во почетна обука, а чиј број се определува од Управниот одбор за секој нов упис посебно заедно со донесувањето на одлуката за објавување оглас за прием во почетна обука.

(3) Управниот одбор ја определува квотата од став 2 на овој член, земајќи ги претходно предвид официјалните статистички показатели на вкупното попишано население од последниот спроведен попис во државата.

(4) Пополнувањето на слободните места определени според квотата, при приемот на кандидатите во почетната обука ќе се раководи по начелото на постигнатиот успех на добиената завршна оценка од положениот приемен испит, а пополнувањето ќе се рангира во рамките на секоја предвидена квота посебно.

(5) Доколку во определените квоти од став 2 на овој член не се јават доволен број кандидати што ги исполнуваат законските услови или не го положиле приемниот испит, слободните места се пополнуваат од другите кандидати што ги исполнуваат условите според рангирањето на нивната завршна оценка.

### Услови за прием во почетна обука

Член 40

(1) Приемниот испит е достапен за секој пријавен кандидат што ги исполнува условите од член 31 став 1 од Законот.

(2) Исполнување на условот од член 31 став 1 алинеја 1 од Законот се докажува со:

- диплома за завршено четиригодишно високо образование VII/I степен на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според ЕКТС, во оригинал или копија заверена на нотар и
- уверение за положени испити со оценки од предметите од сите години на образованието во оригинал или копија заверена на нотар.

(3) Исполнување на условот од член 31 став 1 алинеја 2 од Законот се докажува со уверение за завршен правосуден испит, во оригинал или копија заверена на нотар.

(4) Исполнување на условот од член 31 став 1 алинеја 3 од Законот се докажува со потврда издадена од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во оригинал или копија заверена на нотар.

(5) Исполнување на условот од член 31 став 1 алинеја 4 од Законот се докажува со потврда дека на лицето не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност издадена од надлежен орган и не постара од шест месеци, во оригинал или копија заверена на нотар.

(6) Исполнување на условот од член 31 став 1 алинеја 5 од Законот се докажува со уверение за државјанство издадена од надлежен орган, во оригинал или копија заверена на нотар.

(7) Исполнување на условот од член 31 став 1 алинеја 8 од Законот се докажува со потврда-сертификат за основно ниво на познавање на практична работа со компјутери (Microsoft Office, Internet) издадена од овластена институција што врши дејност едукација и проверка на знаење во областа работа со компјутери во оригинал или копија заверена на нотар.

(8) Исполнување на условот член 31 став 1 алинеја 9 од Законот се докажува со лекарско уверение издадено од специјалист по медицина на трудот не постаро од шест месеци во оригинал или копија заверена на нотар.

### Разгледување на пријавите

Член 41

(1) Најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување, Приемната комисија на седница ги разгледува пријавите со приложената документација.

(2) Комисијата е должна веднаш, по одржувањето на седницата, на пријавените кандидати чиишто пријави се ненавремени и неуредни, да им достави примерок од решението за отфрлање на пријавата.

(3) Подносителот на пријавата во рок од два работни дена од приемот на решението од став (2) на овој член има право на жалба до Управниот одбор на Академијата, кој одлуката по жалба ја донесува во рок од два работни дена.

(4) Доколку жалбата на подносителот од ставот (3) на овој член е уважена, Комисијата го известува подносителот за тоа во рок од два работни дена.

(5) Академијата на својата интернет-страница за секој нов тековен оглас поставува ново поле каде што ги внесува сите новости, листи, информации, известувања и сè поврзано со тековниот испит.

**Подготвителна настава**

Член 42

(1) Подготвителната настава се организира од страна на Академијата на начин и содржина во согласност со Програмата и Правилникот за полагање на приемниот испит за тековната испитна година и неа ја спроведуваат предавачите на Академијата.

(2) Подготвителната настава се организира најмалку 30 дена пред денот на одржување на приемниот испит.

(3) Целта на наставата е со симулација на одделните делови од приемниот испит, кандидатите успешно и навремено да се информираат и да се подготват за полагање на испитот, со што се обезбедува начелото на јавност, еднаквост и објективност.

**Тест за познавање странски јазик**

Член 43

(1) Тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) се полага писмено со одговарање на сто прашања, кои се од областа на граматиката, разбирањето и вештината на изразување на странскиот јазик што кандидатот го избрал да го полага (ниво Б1).

(2) Резултатите од тестирањето се прегледуваат електронски со помош на читач и за нив кандидатите се известуваат јавно по електронски пат преку веб-страницата на Академијата, со објавување на резултатите под приемна шифра, запазувајќи го начелото на анонимност на тестовите.

(3) Начинот на проверка на знаењето поблиску се уредува со Правилникот за полагање приемен испит.

**Психолошки тест и тест за интегритет**

Член 44

(1) Психолошкиот тест и тестот за интегритет се анонимни и се полагаат под испитна шифра.

(2) Тестовите од ставот (1) на овој член се класифицирани информации означени со степен „интерно“ во согласност со Законот за класифицирани информации.

(3) За спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет, ќе се користат структурирани тестови што ги изготвуваат и ги спроведуваат стручни лица што ги ангажира Академијата од соодветно акредитирана професионална институција.

(4) Тестовите од став (1) на овој член ќе се спроведат врз основа на меѓународно признаени тестови адаптирани за идното вршење на функцијата судија или јавен обвинител.

(5) Кандидатите што ги полагаат тестовите од ставот (1) на овој член своите одговори што се оценуваат ги пополнуваат во Образецот добиен заедно со тестот од став (1) на овој член, во кој Образец имаат право да извршат увид.

(6) Начинот на спроведување и на оценување на психолошкиот тест и на тестот за интегритет поблиску се уредува со Правилникот за полагање на приемниот испит, а во согласност со одредбите од Законот за Академијата и Законот за заштита на лични податоци.

**Квалификациски тест**

Член 45

(1) Квалификацискиот тест се полага писмено по електронски пат со одговарање определен број прашања во вид на решавање електронски тест на компјутер пред Приемната комисија во полн состав и полагањето се снима.

(2) Резултатите од квалификацискиот тест му се достапни на кандидатот, на компјутерот на кој го полага испитот, веднаш по неговото завршување, а се објавуваат и на официјалната интернет-страница и на огласната табла на Академијата по завршувањето на квалификацискиот тест со наведување на приемната и испитната шифра на кандидатот.

(3) Пријавеното лице што добило 60 бода или помалку на квалификацискиот тест, не го положило квалификацискиот тест.

(4) Лицето од став (3) на овој член кое смета дека погрешно му е пресметан збирот на бодовите од квалификацискиот тест, има право на приговор до Приемната комисија во рок од еден работен ден од денот на објавување на резултатите на веб-страницата и на огласната табла на Академијата.

(5) Против одлуката на Приемната комисија од ставот (4) на овој член, кандидатот има право на жалба до Управниот одбор во рок од три работни дена од денот на приемот на одлуката.

(6) Управниот одбор одлуката по жалбата од ставот (5) на овој член ја донесува најдоцна во рок од три работни дена, сметано од истекот на рокот за поднесување жалби против одлуките на Приемната комисија од ставот (4) на овој член.

(7) Квалификацискиот тест се спроведува во согласност со одредбите од член 39 до член 44 од Законот.

(8) Начинот на спроведување и оценување на квалификацискиот тест поблиску се уредува со Правилникот за полагање на приемниот испит.

**Практичен испит**

Член 46

(1) Практичниот испит има за цел проверка на севкупните правни знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за почетна обука, а се состои од:

- писмен дел и
- устен дел.

(2) На писмениот дел од испитот, кандидатите може да добијат најмногу 70 бода, и тоа 35 бода од кривичниот предмет и 35 бода од граѓанскиот судски предмет.

(3) На усниот дел од испитот, кандидатите може да добијат најмногу 30 бода, со тоа што секој член на Приемната комисија го оценува кандидатот посебно, а крајната оцена се добива со пресметување на средната вредност од вкупниот број бодови.

(4) Практичниот испит и неговото спроведување, поблиску се уредува со Правилникот за приемен испит.

**Право на приговор на постигнатиот резултат на тестирањето**

Член 47

(1) Кандидат што смета дека погрешно му е пресметан збирот на бодовите од квалификацискиот тест и практичниот испит има право на приговор до Приемната комисија во рок од еден работен ден од денот на објавувањето на резултатите на веб-страницата и на огласната табла на Академијата.

(2) Приемната комисија е должна по приговорот да одлучи најдоцна во рок од три работни дена сметано од денот на приемот на приговорот.

(3) Против одлуката на Комисијата од ставот (2) на овој член кандидатот има право на жалба до Управниот одбор во рок од три работни дена од денот на приемот на одлуката.

(4) Управниот одбор одлуката по жалба ја донесува најдоцна во рок од три работни дена сметано од истекот на рокот за поднесување жалби против одлуките на Приемната комисија.

(5) Против одлуката на Управниот одбор од став (4) на овој член незадоволниот кандидат во рок од три дена од денот на приемот на одлуката може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(6) По тужбата од ставот (5) на овој член Управниот суд одлучува во рок од пет дена.

(7) Против одлуката на Управниот суд од ставот (6) на овој член е дозволена жалба до Вишиот управен суд во рок од три дена од денот на приемот на одлуката на Управниот суд.

(8) Вишиот управен суд по жалбата од ставот (7) на овој член одлучува во рок од пет дена од приемот на жалбата.

**Заштита на податоците и на анонимноста на приемниот испит**

Член 48

(1) Академијата е должна при спроведувањето на сите фази на приемниот испит да ги заштити личните податоци, угледот и достоинството на кандидатите, односно да ги обработува и да ги чува личните податоци на кандидатите во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

(2) За секоја наредна фаза од приемниот испит пријавителот добива нова испитна шифра што е поврзана со првично доделената приемна шифра во согласност со член 35 став 3 од Законот.

**Прием на слушатели**

Член 49

(1) Приемот на кандидатите за слушатели се врши врз основа на редоследот на успехот на ранг-листата објавена од страна на Приемната комисија, до пополнување на предвидениот број слушатели утврдени според член 7 и член 30 став (3) од Законот.

**Статус на слушателите на почетната обука**

Член 50

(1) При приемот во почетна обука, слушателите на почетната обука склучуваат Договор за засновање работен однос на определено време со Академијата во согласност со член 50 од Законот и пред директорот на Академијата даваат свечена изјава со содржина определена во Правилникот за теоретска настава.

(2) Слушателите на почетната обука добиваат академска легитимација што им служи за легитимирање како слушател на соодветната генерација пред органите и институциите каде што се одвиваат активностите од почетната обука.

(3) Слушателите на почетната обука ги остваруваат своите права и обврски од работен однос во согласност со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Законот за работни односи, Договорот за вработување, Етичкиот кодекс на Академијата, општите акти на Академијата, а за време на практичната настава и актите на соодветната институција во која се одвива практицирањето.

(4) За непочитување на правилата од став (3) од овој член, предвидени се дисциплински мерки.

Член 51

Како дисциплински повреди се сметаат:

- Непочитување на работниот ред и дисциплина пропишани од работодавачот;
- Непристојно однесување кон предавачите, вработените во Академијата и другите слушатели што ја посетуваат обуката, менторите и другите вработени во институцијата каде што ја добиваат практичната обука;
- Несовесно однесување кон опремата и имотот на Академијата и на институцијата каде што ја добиваат практичната настава, што би можело да доведе до нивни оштетувања;
- Неоправдано отсуство од теоретската и од практичната настава;
- Однесување со кое потешко се нарушува угледот на Академијата;
- Откривање на содржината на податоците за конкретни судски и обвинителски предмети што ги стекнале во текот на обуката во Академијата или во институцијата каде што ја добиваат практичната обука, а имаат доверлив карактер;
- Измама во тестовите;
- Неизвршување на задачите што им се поставени во процесот на едукација.

Член 52

За сторена дисциплинска повреда, на слушателот може да му се изрече една од следните дисциплински мерки:

- јавна опомена;
- парична казна во висина од 20% од висината на едномесечниот износ на нето-платата исплатена во последниот месец пред дисциплинска повреда, во траење од еден до три месеци;
- предупредување пред исклучување и
- исклучување од почетната обука.

Член 53

(1) Дисциплинската постапка се поведува по писмено барање на лице вработено во Академијата, предавач, ментор или слушател на почетната обука, што преку директорот на Академијата се доставува до дисциплинската комисија.

(2) Барањето се поднесува во рок од осум дена од денот на дознавањето за повредата и не може да се поднесе по истекот на еден месец од денот на дознавањето за сторената дисциплинска повреда.

(3) Барањето мора да содржи: име и презиме на подносителот на барањето, име и презиме на слушателот што ја сторил повредата, време и место, опис на настанот, докази за постоење основа за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност и потпис на подносителот.

(4) Со решение директорот го отфрла барањето, ако е недозволено, ненавремено и поднесено по истекот на рокот за застареност.

Член 54

(1) Дисциплинската постапка ја спроведува Дисциплинска комисија составена од пет члена и нивни заменици: двајца предавачи или ментори, двајца административни службеници вработени во Академијата и еден претставник од слушателите, а тие меѓу себе избираат претседател на Комисијата.

(2) Дисциплинската комисија по приемот на барањето ќе даде предлог до директорот дали да се поведе дисциплинска постапка или да се отфрли барањето.

(3) Доколку директорот одлучи да се поведе дисциплинска постапка, поднесеното барање го доставува до слушателот кој може да се изјасни писмено по однос на наводите во барањето во рок од 7 дена од денот на неговиот прием. Заедно со доставеното барање за поведување дисциплинска постапка, до слушателот ќе се достави и покана за присуство на сослушување во кое се наведува дека има право на преведувач.

(4) Комисијата е должна да го сослуша слушателот во врска со околностите на кои се однесува барањето за поведување дисциплинска постапка и да ги спроведе сите извиди, односно да ги собере сите докази потребни за утврдување на неговата дисциплинска одговорност и доколку утврди дека треба да се изрече мерка, да даде предлог-мерка до директорот на Академијата.

(5) Директорот на Академијата ја разгледува предлог-мерката од ставот 4 на овој член и самостојно донесува одлука за изрекување мерка или за запирање на постапката.

(6) Доколку на денот на кој е поканет на сослушување слушателот, кој е уредно повикан, не се јави пред Комисијата, Комисијата може да донесе предлог-одлука до директорот и без негово сослушување врз основа на доказниот материјал со кој располага, освен за мерката исклучување од наставата.

Член 55

(1) Дисциплинската комисија може да предложи една од следниве одлуки, односно мерки:

- Да се одбие барањето како неосновано, доколку не постои основа ниту докази за поведување дисциплинска постапка и да ја запре постапката;
- Да предложи изрекување на една од дисциплинските мерки предвидени во член 50 од овој Статут;
- Да предложи отфрлање на барањето што е неуредно и непотполно или застарено.

(2) Врз основа на предложените одлуки, односно мерки од Дисциплинската комисија, директорот донесува решение што се доставува до подносителот на барањето и до слушателот против кого е поведена дисциплинската постапка.

(3) За својата работа и за предложените одлуки односно мерки, Комисијата води записник, кои заедно со предлог-одлуките ги потпишува претседателот на Комисијата.

Член 56

(1) Против одлуката на директорот со која се отфрла или се одбива барањето за поведување дисциплинска постапка не е дозволен приговор.

(2) Против решението за изрекување дисциплинска мерка, слушателот може во рок од осум дена од приемот на решението да поднесе приговор до Управниот одбор на Академијата.

Член 57

(1) Управниот одбор на Академијата одлучува по приговорот во рок од осум дена од приемот на приговорот.

(2) Одлучувајќи по приговорот, Управниот одбор може да донесе едно од следните решенија:

- да го отфрли приговорот како недозволен или ненавремен;
- да го потврди решението на директорот за изрекување дисциплинска мерка;
- да го усвои приговорот како основан и да го укине решението за изрекување дисциплинска мерка и предметот да го врати на повторно одлучување.
- да го преиначи решението за изрекување дисциплинска мерка, по чии насоки директорот на Академијата ќе донесе нова одлука која е конечна.

(3) Во случај на исклучување, слушателот ќе биде задолжен да го врати исплатениот износ на трошоците за обука во согласност со актите на Академијата.

**Програма за почетна обука и нејзина подготовка**

Член 58

(1) Програмата за почетна обука ја сочинуваат програмата за теоретска настава и програмата за практична настава.

(2) Програмите од став 1 на овој член Програмскиот совет на Академијата за секоја генерација слушатели ги подготвува и ги ажурира врз основа на претходна континуирана консултација со предавачите, менторите, слушателите на почетната обука, стручната служба на Академијата, а и врз основа на резултатите од спроведените евалуации од страна на слушателите на претходните почетни обуки, предавачите и менторите, приоритетите за обука што произлегуваат од програмите и извештаите на институциите застапени во Управниот одбор, како и мислењата на претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства каде што се избираат кандидатите од Академијата, измените на домашното и на меѓународното законодавство и практика на меѓународните судови, особено на Европскиот суд за човекови права и на Европскиот суд на правдата.

(3) При определување на содржината на програмата и распоредот за почетна обука, особено внимание ќе се води за избор на предмети, наставни содржини и теми што се поврзани со надлежноста на судовите и јавните обвинителства со основна надлежност во која кандидатите ќе бидат избрани.

(4) Во збирното оценување на резултатите од почетната обука ќе се вклучат и дополнителните едукативни активности организирани во соработка со меѓународни институции.

**Оценување на почетната обука (прва фаза)**

Член 59

(1) Предметите што се изучуваат во текот на теоретската настава се поделени на три модули, кои се спроведуваат и се полагаат последователно.

(2) Предавачите се должни во реализацијата на часовите да применуваат методолошки плурализам – комбинација од теоретски и од практичен пристап, така што најмалку 60% од наставната содржина да биде посветена на практичниот пристап.

(3) Оценувањето на постигнатиот успех се врши со тестови за проверка на знаењето што се спроведуваат по завршувањето на секој поединечен модул од теоретската настава.

(4) Содржината на тестовите, начинот на оценување и полагање на секој од модулите поблиску се уредуваат со Правилникот за теоретска настава.

(5) Збирната оценка на почетната обука од првата фаза е сочинета од резултатите од тестирањата за првата фаза како и од резултатите од другите активности утврдени со Правилникот за теоретска настава.

**Оценување на почетната обука (втора фаза)**

Член 60

(1) По успешното полагање на теоретскиот дел од почетната обука, слушателите продолжуваат со втората фаза – практична настава што ќе ги опфати судискиот/јавнообвинителскиот дел од практичното работење, за слушателите за судии односно јавни обвинители во согласност со програмата за практична настава.

(2) Начинот на оценување по завршување на практичната настава, поблиску се уредува со Правилникот за практична настава.

(3) Збирната оценка на почетната обука од втората фаза е сочинета од резултатите од тестирањата за втората фаза како и од резултатите од другите активности утврдени со Правилникот за практична настава.

**Алумни асоцијација**

Член 61

(1) Академијата формира Алумни асоцијација, во која членуваат сите кандидати што успешно ја завршиле почетната обука во Академијата.

(2) Целта на оваа асоцијација е постојана меѓусебна соработка на нејзините членови, и тоа преку одржување средби на кои ќе се разменуваат искуства и ќе се дискутира на различни теми од областа на правосуд-

ството, како и следење на професионалниот развој и кариерата на кандидатите од страна на Академијата, истовремено излегувајќи во пресрет на потребите на нејзините членови и обезбедување соработка со алумни асоцијации на други држави.

(3) Начинот на работа и одлучување на Алумни асоцијацијата, поблиску се уредува со нејзиниот Деловникот за работа.

**Програма за практична настава**

Член 62

(1) Практичната настава се спроведува под насоки и упатства на менторите – судии и јавни обвинители, во судовите и во јавните обвинителства и во други правосудни органи, институции и организации, чијашто дејност е поврзана со извршувањето на судиската и на обвинителската функција.

(2) Траењето и содржината на наставата по области, се одвива во согласност со Програмата за практична настава која се донесува посебно за секоја генерација слушатели на почетна обука, водејќи сметка за заедничките цели на двете професии.

(3) Практичната настава се изведува по регионален принцип и тоа во основните судови со проширена надлежност, во апелациските судови, во основните јавни обвинителства со проширена надлежност и во вишите јавни обвинителства во рамките на апелациските подрачја: Скопје, Битола, Штип и Гостивар, како и во другите институции во согласност со Програмата за практична настава.

Член 63

Поблиските услови во поглед на наставните содржини, техники и методи, правата и обврските на слушателите, нивното оценување, како и правата и обврските на предавачите, на менторите и на координаторите во текот на почетната обука, се уредуваат со програмите и со правилниците за теоретска и за практична настава.

**Завршен испит**

Член 64

(1) Завршниот испит се подготвува и се спроведува во согласност со Програмата за полагање завршен испит.

(2) Начинот на полагање на завршниот испит подетално се уредува со Законот и со Правилникот за полагање на завршниот испит.

**Уверение за завршена почетна обука**

Член 65

(1) Уверението за завршена почетна обука од член 59 од Законот се издава на пропишан образец што содржи:

- гцалрб на државата, назив на Академијата, датум на издавање, архивски број;
- повикување на законската основа за негово издавање;
- назив на документот;
- податоци за кандидатот на кого се издава, број на оглас на кој е примен кандидатот, генерација во која ја следел почетната обука и генерација во која ја завршил почетната обука во Академијата;
- вкупно освоени бодови во почетната обука, бодови во теоретската настава, практичната настава и на завршниот испит;
- статусот што го стекнува;
- датум и место на издавање на уверението;
- потпис на директорот на Академијата и печат.

V. КОНТИНУИРАНА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Член 66

(1) Обврската за задолжителната континуирана обука на судиите и на јавните обвинители, на претседателите на судовите и на јавните обвинители на јавните обвинителства се остварува во Академијата во зависност од нивниот судиски, односно обвинителски стаж и се изразува во денови помината обука.

(2) Доколку обуката трае повеќе од еден ден, на учесникот му се засметува како задолжителна обука само доколку непрекинато присуствува секој ден од обуката, до нејзиното завршување, освен во исклучителни случаи, предвидени во Правилникот за континуирана обука.

(3) Како ден обука се сметаат шест наставни часа, секој по 45 минути.

(4) Начинот на спроведување на задолжителната континуирана обука за судиите, јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, како и содржината, бројот на денови задолжителна обука што треба да ги остварат во една календарска година, како и проверката на ефикасноста на секоја спроведена обука по пат на проверка на стекнатите знаења и вештини од конкретната обука, се уредува со Правилникот за континуирана обука.

**Општа програма за континуирана обука**

Член 67

(1) Континуираната обука за стручно усовршување на судиите и на јавните обвинители, на претседателите на судовите и на јавните обвинители на јавните обвинителства се спроведува врз основа на општа програма за континуирана обука донесена од Управниот одбор на Академијата.

(2) Програмата од став (1) на овој член се изготвува по претходно испитување, анкетирање и анализа на мислењата и на потребите на судиите, јавните обвинители и другите корисници на услугите на Академијата, што го спроведува Службата за стручно помошно-технички работи на Академијата во месец јуни од тековната за наредната година.

(3) При изготвувањето на Програмата од став (1) од овој член се консултираат институциите претставени во Управниот одбор на Академијата, правните факултети, професионалните комори и други релевантни правосудни институции и организации.

(4) Откако ќе се обезбедат предлог-темите за обука од субјектите наведени во ставовите (2) и (3) на овој член, Службата за стручно помошно-технички работи нив ги доставува до Програмскиот совет на Академијата заради изготвување на Програмата.

(5) Општата програма се донесува за време од две години, а врз основа на неа се донесува годишен или полугодишен план за обуки.

**Содржина на Општата и на Специјализираната програма за континуирана обука**

Член 68

(1) Општата програма за континуирана обука опфаќа теми со кои се обезбедува континуиран професионален развој и надградување на знаењата и на вештините на судиите и на јавните обвинители за актуелните состојби во националното право, односно неговите измени и дополнувања, како и судиска и обвинителска практика, но и за последните случувања и најнови измени во европската и во меѓународната легислатива и практиката на европските и на меѓународните судови.

(2) Програмата од претходниот став опфаќа правни и други области и изучување на практиката на домашните и на меѓународните судови, а во согласност со годишниот распоред на судиите и на јавните обвинители и во согласност со приоритетите за обуки, утврдени од Судскиот совет и од Советот на јавните обвинители.

(3) За претседателите на судовите и за јавните обвинители на јавните обвинителства, програмата опфаќа првенствено теми за управување со процесите, управување со буџет, деловни комуникации, односи со јавност/медиуми, како и за заштита на личните податоци и слободен пристап до информации од јавен карактер.

(4) Новоизбраните судии и јавни обвинители се должни, по првиот избор, во годината во која се избрани да посетат интензивна континуирана обука во траење од пет работни дена, што се спроведува врз основа на специјализирана програма за задолжителна континуирана обука донесена од Управниот одбор на Академијата.

(5) Програмата од став 4 на овој член содржи теми со кои се продлабочуваат знаењата на учесниците во правните области на кои работат, како и развивање на комплементарните вештини неопходни за професионално извршување на судиската и на јавнообвинителската функција.

(6) Новоизбраните судии во основните судови и новоизбраните јавни обвинители во основните јавни обвинителства се должни по нивниот избор да посетуваат интензивна континуирана обука во траење од 5 работни дена, што се спроведува врз основа на специјализирана програма за задолжителна континуирана обука донесена од Управниот одбор на Академијата. Оваа обука Академијата ја организира и ја спроведува по изборот на определен број судии во основните судови односно јавни обвинители во основните јавни обвинителства, доволен за формирање ефективна група за обука.

(7) Судиите и јавните обвинители што имаат до три години судиски, односно обвинителски стаж, имаат обврска годишно да остварат 10 дена обука, дополнително од деновите обука наведени во став 6 од овој член.

(8) Во текот на една календарска година судиите и јавните обвинители, во согласност со остварениот стаж имаат обврска да остварат:

- три до осум години судиски, односно обвинителски стаж – 6 дена обука;
- од осум до петнаесет години судиски, односно обвинителски стаж – 4 дена обука;
- над петнаесет години судиски, односно обвинителски стаж – 2 дена обука.

(9) Претседателите на судовите и на јавните обвинители на јавните обвинителства имаат обврска во една календарска година да учествуваат на специјализирани обуки, во согласност со Општата програма за континуирана обука и годишниот Каталог на активности на Академијата.

(10) Начинот на спроведување на Општата и на Специјализираната програма за континуирана обука поблиску се уредува со Правилник за континуирана обука.

**Специјализирана програма за доброволна континуирана обука**

Член 69

(1) Академијата спроведува доброволна континуирана обука за стручните служби во судството и во јавното обвинителство, како и за субјектите што учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството, врз основа на посебна програма донесена од Управниот одбор на Академијата.

(2) Програмата од став (1) од овој член ја изготвува Програмскиот совет на Академијата врз основа на претходна анализа на мислењата и на потребите на целните групи доставени преку нивните професионални здруженија.

**Методологија и форми на спроведување на континуираната обука**

Член 70

(1) Во спроведувањето на општата програма и специјализираните програми за континуирана обука се применува комбинација на теоретски и на практични методи на работа, особено современи и интерактивни методи и техники на предавање и едукација со анализа на примери од практиката и студии на случај, како и методи на далечинско учење, вебинари, онлајн курсеви и хибридни методи на обука.

(2) Континуираната обука се спроведува во форма на семинари, советувања, конференции, работилници, тркалезни маси, стручни расправи, студиски престои и други облици на едукација.

(3) Заради остварување на целите од став 1 на овој член, предавачите се должни во реализацијата на часовите да применуваат методолошки плурализам – комбинација од теоретски и од практичен пристап, така што најмалку 60% од наставната содржина да биде посветена на практичниот пристап.

**Евалуација на континуираната обука**

Член 71

Методологијата, формите и начинот на евалуација на континуираната обука се уредуваат со Правилникот за континуирана обука на Академијата.

**Евиденција**

Член 72

(1) Академијата води евиденција за деновите поминати на обука за сите судии и јавни обвинители.

(2) По завршување на секоја календарска година, Академијата им издава на судиите и на јавните обвинители, како и на предавачите и на менторите, потврда за бројот на денови задолжителна обука што ги поминале во текот на годината, а на нивно барање и потврда за деновите поминати на предавање, односно менторирање.

(3) За одржаните обуки на обучувачи, Академијата издава посебни сертификати.

(4) Податоците од став (2) на овој член Академијата ги доставува и до Судскиот совет и до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

(5) При водењето евиденција и издавањето потврди на корисниците на услугите на Академијата за бројот на денови поминати на континуирана обука ќе се применуваат прописите за заштита на личните податоци.

**Надоместоци**

Член 73

Надоместоците што ги исплаќа Академијата на органите на Академијата, предавачите, експертите, менторите и комисиите за испитите и на другите лица на кои се исплаќаат надоместоци во согласност со Законот и општите акти на Академијата, поблиску се уредуваат со Правилникот за надоместоците во Академијата, донесен од Управниот одбор на Академијата.

VI. СЛУЖБА ЗА СТРУЧНО ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ

Член 74

(1) Вработените во Академијата имаат статус на административни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности се применуваат Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавен сектор, општите прописи од работни односи и колективните договори на ниво на работодавач и на ниво на гранка.

(2) Вработените што вршат помошни или технички работи немаат статус на административни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности се применува членот 3 од Законот за вработените во јавен сектор.

(3) Прашањата што се однесуваат на работниот однос на вработените во Академијата во согласност со член 65 став (2), (3) и (4) од Законот, а не се регулирани во прописите наведени во став 1 и 2 на овој член, ќе бидат регулирани со подзаконски акт на директорот на Академијата.

VII. ФИНАНСИРАЊЕ И СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА АКАДЕМИЈАТА

**Извори на финансирање**

Член 75

(1) Средствата за работа на Академијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетот на „Судската власт“.

(2) Начинот на користење на средствата за работа на Академијата се определува со годишниот финансиски план на Академијата.

(3) Годишниот финансиски план (предлог-буџетот) го донесува Управниот одбор на Академијата врз основа на предлогот изготвен од директорот на Академијата, во согласност со важечките прописи за буџетот.

(4) Со финансиските средства и со имотот на Академијата управува директорот за што го известува Управниот одбор.

Член 76

(1) Директорот на Академијата изготвува завршна сметка за изминатата фискална година и ја доставува до Управниот одбор на усвојување, најдоцна до 28 февруари во наредната година.

(2) Управниот одбор дава насоки и одобренија за активностите што ќе се остваруваат од други извори на финансирање, какви што се средства од проекти, грантови, донации, подароци од домашни и меѓународни извори, врз основа на посебни програми и предлог-проекти.

Член 77

(1) Академијата обезбедува самостојни приходи преку издавање публикации, реализација на проекти, грантови и слично.

(2) Академијата при постоење просторни можности, може да остварува приходи и по пат на организирање обуки за други целни групи во правосудството и надвор од него, што подетално се уредува со акт донесен од директорот на Академијата.

(3) Академијата не може да прифати средства со што се доведува во прашање нејзината независност, углед и самостојност, за што одлучува Управниот одбор на Академијата.

**Редакциски одбор**

Член 78

(1) Во рамките на вршењето на дејноста, како дел од активностите утврдени во член 2 став (3) алинеја 4 и став (4) алинеја 5 од Законот, Академијата може да формира редакциски одбор.

(2) Редакцискиот одбор е составен од четири члена назначени од директорот на Академијата, од кои еден вработен во Академијата и три члена од редот на предавачи и соработници на Академијата, при што ќе се води сметка за застапеноста на членови од различни правни области.

(3) Надлежностите на редакцискиот одбор се однесуваат на прегледување и селекција на правни теми за понатамошна обработка, објава на повик за доставување правни текстови на конкретни теми, нивна селекција и објава, како и други работи во согласност со закон.

(4) Членовите на редакцискиот одбор имаат право на надоместок за извршената работа во согласност со Правилникот за надоместоци на Академијата.

(5) Да се извести Управниот одбор за членовите и за надлежностите на одборот, планот за работа, финансиските импликации и за целта што сака да се постигне со конкретните активности.

VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 79

(1) Статутот го донесува Управниот одбор на Академијата, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(2) Измени и дополнувања на овој Статут се вршат во постапка пропишана за негово донесување утврдено со закон.

Член 80

Општите акти на Академијата за судии и јавни обвинители ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рокот определен во член 73 од Законот.

Член 81

(1) Овој Статут ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(2) Овој Статут влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“ , по што веднаш ќе се објави на веб-страницата на Академијата.

Член 82

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/2015, 205/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 115/2019).

Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“

Бр. 02-347/3
7 август 2023 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Бодан Лазаревски,** с.р.

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3045.**

Врз основа на член 9 т.11 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на осумдесет и третата седница одржана на 19.7.2023 година, донесе